# З А П И С Н И К

Од вонредната седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 10.02.2023 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:10**
**Отсатни:** Дончо Симјаноски, Емин Мехдии, Адем Јашари, Агнеса Зенуни и Злате Китановски.

Вонредната седница ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување. За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

1.Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Република Турција.
2.Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Арапска Република Сирија.

Претседателот на Советот кажа, дневниот ред е пред вас, имаме 2 точки, го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 10 советници.

Претседателот на Советото ги повика присутните да одадат едноминутно молчење за жртвите од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„**Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Република Турција**„** Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека ќе прочита писмо со жалење по повод настанатата ситуација од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сирија.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Република Турција**„** , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 10 советници.

**II**

По однос втораа точка на дневен ред, **„**Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Арапска Република Сирија„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека како и за претходната точка така и за оваа веќе беше претходно објаснето.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за доделување на финансиски средства за семејствата на настраданите од земјотресот во Арапска Република

Сирија,,  ја стави на гласање и истата беше  едногласно прифатена од страна на   присутните 10 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши вонредната  седница  на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-304/2**
**10.02.2023 год.**
**Брвеница**